**Време, број 1060, 05.05.2007**

ВЛАСТА ОБЕЗБЕДУВА БАДЕНТЕРОВО МНОЗИНСТВО

## Пратениците од малите заедници ќе гласаат за Судскиот совет



Партиите на Турците, Србите и Ромите ќе добијат загарантирани пратенички места. За возврат ќе го поддржат изборот на петте преостанати членови на Судскиот совет, кој четири месеци е заглавен во Собранието. Со овој договор премиерот Груевски ги обезбедил гласовите на пратениците од помалите етнички заедници за законите за кои е потребно Бадентерово мнозинство.

- Очекуваме владата да достави предлог до Собранието за измени на Законот за избор на пратеници. Ние сме решени да ја поддржиме владата кога ќе треба гласање со двојно мнозинство – велат во Демократската партија на Србите и во Демократската партија на Турците.

Пратениците од заедниците очекуваат дека Груевски ќе се согласи и за останатите две барања – владата да формира Агенција за малцински и човекови права и да донесе закон за малцински права.

За Бадентерово мнозинство на власта и се потребни 18 гласа од пратениците од малцинските заедници. Со гласовите на Иван Стоилковиќ од партијата на Србите, Ќенан Хасипи и Хади Незири од партијата на Турците, Неждат Мустафа од Партијата за еманципација на Ромите и на Есад Рахиќ кој се изјасни како Бошњак, владата ќе има сигурен Бадентер. Тука се и 11 пратеници на ДПА и гласот на Абдулади Вејсели, претседател на ПДП, кој влегува во владата.

Пратениците Срби, Турци и Роми се дел од коалицијата предводена од СДСМ. Засега тие не се изјаснуваат дали ќе преминат на страната на владата или поддршката што ја даваат ќе важи само за законите кои треба да се гласаат со двојно мнозинство. Ако овие четворица пратеници ја прифатат поканата за влез во владината коалиција, владејачкото мнозинство ќе има 70 пратеници.

**С.С.**